08-4292/2
26-07-2021

Врз основа на член 17 став 1 точка 10, член 22, член 23 став 1 и член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 50-тата седница на ДКСК одржана на ден 21.07.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот број 08-3084 од 2019 година, за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на лицето _________, вршител на должноста директор на ______________________, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема елементи за натамошно постапување по предметот број 08-3084/1 од 12.06.2019 година.

Предметот број 08-3084/1 од 12.06.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

***Образложение***

Предметот број 08-3084/1 од 12.06.2019 година е оформен по сопствена иницијатива, а согласно Годишниот план за следење на имотната состојба и интересите за 2019 година.

ДКСК, по прибавена документација и по извршениот увид во својата евиденција утврди дека лицето _____________ со Одлука УО бр.02-7262/17/10 од 22.12.2017 година е избрано на функцијата вршител на должноста ______________________ и дека во законски предвидениот рок по изборот на наведената функција не доставило анкетен лист и изјава за интереси до ДКСК.

Тргнувајќи од наведеното, ДКСК на лицето __________________ му издаде прекршочен платен налог број 08-3084/3 од 08.08.2019 година за прекршок утврден по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси казнив по член 109 од истиот закон.

Со одглед на фактот што од страна на именуваниот во законски предвидениот рок не е постапено по издадениот прекршочен платен налог, ДКСК на ден 30.09.2019

година до Прекршочната комисија во ДКСК поднесе барање за поведување на прекршочна постапка против лицето ___________________.

Од страна на Прекршочната комисија во ДКСК е донесено Решение број 14-4516/7 од 23.12.2019 година, со кое __________________ е огласен за одговорен за сторен прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон, и му е изречена глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност.

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Изготвил: А.Ч., рак.на одделение
Одобрил: Ш.С., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**